Херман Брох

# ДУХОТ НА ВРЕМЕТО

ЕДИЦИЈА
СЕДМАТА
ФУНКЦИЈА
НА
ЈАЗИКОТ

Наслов на оригиналот:
Hermann Broch, *Kommentierte Werkausgabe*

Copyright © за македонското издание: Артконект ДОО Скопје, 2025
Copyright © of the translation: S. Fischer Foundation by order of TRADUKI

Издавач: Артконект ДОО Скопје
Едиција: Седмата функција на јазикот

Главен и одговорен уредник: Маја Лазаревска

Превод од германски јазик: Катерина Јосифоска

Уредник: Ацо Пероски
Лектура: Татјана Б. Ефтимоска

Графичка обработка: Симчо Шандуловски
Дизајн на корицата: Ема Велковска

Скопје, 2025 година
Прво издание
Печати: ПРОПОИНТ ДООЕЛ, ул. „1520“ бр. 12а, Скопје
Тираж: 800 примероци

Херман Брох

# *Духот на времето*

– избрани есеи –

Избор и превод од германски јазик:
Катерина Јосифоска

АРТКОНЕКТ

traduki

Издавањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, книжевна мрежа, на која припаѓаат Сојузното министерство европски и меѓународни прашања на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, Швајцарската фондација за култура ПроХелвеција, Австриското здружение на преведувачи (Куќа на книжевноста Виена) по налог на Сојузното министерство за уметност, култура, јавна служба и спорт на Република Австрија, Гете Институтот, Фондацијата С. Фишер, Агенцијата за книги на Словенија, Министерството за култура и медиуми на Република Хрватска, Министерство за општество и култура на кнежеството Лихтенштајн, Фондацијата за култура Лихтенштајн, Министерството за култура на Албанија, Министерството за култура и информирање на Република Србија, Министерството за култура на Република Романија, Министерството за наука, култура и спорт на Црна Гора, Саемот на книгата во Лајпциг, Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија.

# Содржина

Предговор: Херман Брох и неговото време (1886 – 1951)
(*Катерина Јосифоска*) .................................7

Злото во вредносниот систем на уметноста .................. 19

Митското наследство на книжевноста ........................ 63

Митот и стилот на доцното раздобје......................... 75

Џејмс Џојс и современоста (*Говор за педесеттиот роденден на Џојс*) ................................ 97

Светогледот на романот (*Предавање*) ..................... 131

Уметноста и нејзиниот не-стил од крајот на XIX век.......... 165

Духот и духот на времето (*Предавање*) ..................... 241

# Злото во вредносниот систем на уметноста

## I Проблемот

Ако, низ историјата на културниот развој, уметноста и нејзините соодветни стилови секогаш ги изразувале оние сили што доведувале до сетилен израз на животните стилови на различните епохи и ако оваа теза треба да важи и за нашето време, тогаш неговиот екстремен карактер е она што најпрво би морало да се манифестира во денешната уметност: во уметноста би морало да се манифестира дека ова време ги поставува човекот и неговата самопожртвуваност пред највисоки етички барања, додека самото тоа, и покрај својот еминентно етички стремеж, всушност е време полно со ужаси, полно со крвожедност и неправди и, згора на тоа, дека лесно го занемарува сето тоа; во уметноста би морало да се манифестира дека ова време, со интензитет каков што не бил забележан со векови, трага по некое ново духовно, односно по платоновска синтеза, но и покрај тоа, останува во границите на позитивистичкото мислење, обземено од опсесија со фактите која отфрла сѐ што е платоновско, сѐ што е дедуктивно и стои во чудна спротивност со неговите етички барања. Дали денешната уметност го изразува сето тоа? Дали таа ѝ е дорасната на оваа задача?

И пред сѐ: дали уметноста е, воопшто, сѐ уште способна да решава вакви прашања? Зар токму таа преваленција на етичноста на чијашто непопустливост човекот целосно ѝ се покори не е до толкав степен непријателска кон секоја уметност и кон сето

уметничко творештво што, всушност, би било бесмислено денес да се направат вистински обиди преку уметничкиот стил да се репрезентира и овој нов стил на живот? Зар за еден радикално деплатонизиран и позитивизиран свет не е карактеристично токму тоа што, со истата онаа радикалност со која се отфрла сѐ што е метафизичко, мора и сето естетско разгледување да се потисне во сферата на филозофските квазипроблеми? Уште и претходното, предвоено раздобје, кое го нарекуваме граѓанско, всушност веќе не гледало вистинска можност за изразување на животот во оние еклектички стилови што ги создало самото, така што, ако тогаш постоел некаков вид репрезентативна уметност, тогаш тоа била само уметноста на големата опера, а ако воопшто би можел да се одреди некој вид духовна и социјална позиција на уметноста, тогаш таа уметност и занимавањето со неа во најголем дел биле грижа на инаку безработните граѓански дами. Иако по завршетокот на ова раздобје веќе настапил извесен процес на прочистување – кој, делумно одразувајќи ја и новата етичка строгост на овој свет, барем во архитектурата дал еден изразито нов стил на времето – занимавањето со уметнички прашања, сепак, останало врзано само за тесниот круг на непосредни учесници, претворајќи се речиси во интерна дискусија меѓу самите уметници, а тоа што веќе било подготвено во деветнаесеттиот век сега се манифестира во својата полна јасност: смислен израз на времето сега попрво може да се најде во машинската техника и во спортските приредби отколку во архитектонската слика на градовите или во уметничките дела.

Би било премногу тривијално да се ограничиме на тврдењето дека духовните и естетските проблеми денес едноставно изумреле зашто тоа се проблеми што бледнеат и исчезнуваат пред актуелноста на прашањето „Имаме ли што да јадеме?“ – наспроти ваквото еднострано материјалистичко сфаќање, дури и во епохите на најжестока материјална беда, каква што постоела во средниот век, сѐ уште се создавале највозвишени уметнички дела – а уште потривијално би било да кажеме дека

во војна музите мора да замолкнат – тоа, исто така, е став што историјата постојано го негира – сето тоа би било тривијално и би водело само до една, ако може да се каже така, искривена патологија на времето. Без оглед на тоа колку војната може да биде голем катализатор во кој сите развојни процеси во вистинска смисла на зборот достигнуваат експлозивно забрзување, без оглед на тоа колку и самата војна може да се сфати како резултат на катастрофалниот развој на стопанството или на техниката, а можеби дури и на научниот дух, сепак, сите тие феномени, без оглед колку заемно се објаснуваат, каузално се преплетуваат, па дури и заемно повеќекратно се засилуваат, се само еквивалентни на групата симптоми на еден единствен и силен логички процес, процес што траел со векови и во кој европската слика на светот, создадена уште во средниот век, постепено се распаѓала, процес во кој едноподруго се осамостоиле поединечните вредносни подрачја, додека човекот, сѐ повеќе збунет и растегнат меѓу своите уништувачки и своите обновувачки сили, најпосле станал неспособен да го запре конечниот распад на старите вредности, немоќен да го скроти конечниот крвав хаос иако сѐ повеќе бил изложуван на прашањето што му го поставувала неговата совест, така што и сега, соочен со ужасите и со смртта, стои пред тоа прашање како погоден од гром: „Што треба да се направи?“ И сѐ додека човекот се обидува да одговори на барањата на времето и на нивната нужност, секаде одекнува призвукот на исто тоа прашање, секаде тоа прашање се поставува како етичка принуда, која се наметнува со таква жестина што може да се насети дека дури и прашањето „Имаме ли што да јадеме?“ ќе може да се реши тргнувајќи од етичкото, а не од материјалното.

Зашто и распадот на материјално-стопанственото вредносно подрачје може да се разбере само во неговата поврзаност со распадот на целокупниот систем на вредности. И веќе секаде може да се види дека ваквата состојба на нештата веќе продрела до општата свест, и тоа наведува на насетување дека овој меѓус-

тадиум помеѓу „веќе не“ и „сè уште не“, овој меѓустадиум во кој конфузијата од пропаста се меша со конфузијата на потрагата по новото мора да ги изгради основите за едно ново духовно обединување. Станува збор за ново утврдување на вредностите, станува збор за она духовно обединување со кое понатаму повторно ќе може недвосмислено и рационално да се одреди што е вредност, а што не е вредност. Покрај сета позитивистичка одбивност кон спекулативното и кон теолошките одредби, покрај сета склоност (напојувана од истите позитивистички извори) кон неспекулативното, емотивно и интуитивно засновање на вредностите, оваа цел неспорно е платоновска зашто неговиот климакс мора да биде во еден рационален систем на вредности во кој плаузибилноста и разумноста на светот, како и на неговите вредности, ќе најдат нови системски основи. И покрај сето омаловажување со кое филозофијата ја дочекуваат и научниците и практичарите, на ренесансата на мислата на Ниче, која денес ја сведочиме во целиот свет, би смеело да ѝ се припише само симболичко значење, не толку поради новите морални содржини – зашто Ниче во овој поглед е целосно на граѓанските и на естетичките позиции, поради што и морал да остане во границите на своето време – колку поради принципиелните и методолошките барања што се поставени на овој начин, а кои поимот на вредноста го претворија во методолошки фокус на целата филозофија и, особено, на филозофијата на историјата: тоа што го придвижил Ниче – а ништо помалку и Кјеркегор – е едно речиси страсно сознание за далекусежноста на поимот вредност, и без оглед со колку колебање и отпор иституционалната филозофија – без оглед дали неокантовска или друга – го дочекала овој поим, не ѝ преостанало ништо друго освен да го прифати и сè зборува во прилог на тоа дека токму со овој поим, кој толку неочекувано избил во прв план, конечно е премостен јазот меѓу преживеаната застарена спекулација и можноста за една нова метафизика. Огромната напнатост меѓу доброто и злото, до неиздржливост претераната поларизација меѓу сите

спротивности кои го исполнуваат ова време и му го даваат неговиот специфично екстремистички карактер, принудата човекот во својот живот да ги вклопи највисоките етички норми покрај често непоимливите ужаси на стварноста за воопшто да може да живее, сето тоа му дава правец на духовниот стремеж на времето и на неговата проблематичност ѝ дава егзистенцијална легитимација, која веќе беше речиси изгубена.

А тоа е, исто така, и местото на кое уметноста, дури и кога нејзиното социјално вреднување го зборува спротивното, одново се најавува како репрезентативен феномен на своето време и на кое таа повторно станува вистински проблем на тоа време: уметничкиот проблем, како таков, и самиот стана етички. Не само што поетското и ликовното творештво сѐ повеќе се развиваат во насока на тенденциозна уметност, односно настојуваат – или преку позитивна поука, или преку сатира – непосредно да го изразат карактерот на ова време туку и самата поларност меѓу доброто и злото, оној огромен етички напон во кој се манифестираат поединечните феномени на времето, во уметноста се појавува со сета своја јаснотија. Кога се вели дека уметноста го изгуби своето значење, тогаш се има предвид само еден пол, само полот на доброто, што значи дека се има предвид само оној поим на уметност како што се подразбирал, со полно право, низ вековите. Зашто, во времињата на обезбедени вредности, злото полесно се отстранува од поединечните вредносни подрачја, полесно отколку што може да се отстрани во сегашноста која западна во вредносен анархизам, иако порано спротивностите меѓу половите на доброто и на злото биле значително помалку изразени. Се знаело што може да се смета за уметност, и тоа што се сметало за уметност била добра уметност. И денес има добра уметност и тоа е токму онаа што во сета своја чистота целосно се подредила на етичкото, но таа претставува само еден дел од вредносното подрачје што се нарекува уметност, а тој изолиран дел, без оглед дали му успеало да изгради свој сопствен стил или не, сѐ уште не е израз на животниот стил на овој свет и на ова

време. Тоа можеби најјасно се забележува во музиката, која во многу погледи минува низ процес на обнова, а сепак нејзиниот опсег на важење и на дејствување сѐ повеќе се стеснува, иако истовремено во целиот свет музичките приредби денес добиваат досега ненасетени димензии. Покрај музиката како уметност во досегашната смисла, се појави и музички кич, и кога станува збор за уметнички израз на времето, тогаш овој негативен пол несомнено има поголема важност отколку позитивниот пол, полот на вистинската уметност. Или, поточно: уметничкиот израз на времето треба да се согледа во огромната напнатост меѓу доброто и злото каква што постои во уметноста. – А злото во уметноста е кич.

Распаѓањето на вредностите и дејствувањето на злото во светот никаде не се изразени толку колку во постоењето на кичот кој е карактеристично чедо на граѓанската епоха и чија појава се совпаѓа токму со оној момент во кој светот, во согласност со својот духовен и реален изглед, од една страна, прераснал во доба на машините, додека од друга страна, ги засилил своите позитивистички тенденции до најригорозен материјализам. И токму затоа што еден позитивистички антиплатонистички свет е присилен не само да ја избере аксиомата „убавото е она што е допадливо“ и да ја прифати како најсоодветна и, помалку или повеќе, теориски задоволителна формулација, туку таа аксиома и да ја оживее – токму поради тоа, иако кичот е само дел од целокупното уметничко творештво, тој бил предодреден, се чини, да ги преземе врз себе старите задачи на уметноста и, од своја страна, да придонесе за создавање смислен израз на времето. Меѓутоа, како е можно овој дел од вредносното подрачје на уметноста да прерасне во симбол за поширокото вредносно случување и како може етичката конституција на времето да се одрази во естетскиот феномен на кичот – тоа се прашања на кои може да се одговори само преку конституирање општ поим за вредност.

## II Градбата на вредноста

### *Вредност: совладување на смртта*

Лицето на смртта е сила што буди! Тоа што го доживеал Ниче во 1870 година во француската амбуланта за ранети, сите воени случувања што веројатно имале пресудно значење за неговото мислење, или барем како катализатор го забрзале неговиот развој, сето тоа по педесет години повторно било тука, во несогледливо поголем размер. Пет децении подоцна, смртта во Европа ќе стане мрачен владетел на сите нешта и ужасот на смртта ќе добие космички размери: тука станал очигледен целосниот распад на вредностите, стравот од загубата на сите животни вредности се спуштил над човештвото и паничното прашање дали може да се создадат нови вредности станало неодложно.

Еден позитивистички свет, секако, мора и со самата стварност на смртта да се соочи со истата херојска смисла за реалност со која ги прифаќа и сите други животни појави. Ренесансата, времето во кое се родил позитивизмот, го направила првиот младешки и, можеби токму поради тоа, и неуспешен обид да ја победи смртта преку „паганска“ сетилна и радосна афирмација на животот. Но во исто време, се појавил и протестантизмот со многубројни аскетски тенденции и со цел животниот страв, кој веќе не можел да се скроти, со нова строгост да се поведе до нови вредносни сфаќања. Зашто, без оглед колку непосредноста на смртта го принудува човекот да се соочи со неа, без оглед на тоа што непосредноста на нејзината закана го згуснува трепетот до страв, до страв што не може да се отстрани исто како и опасноста што го предизвикува, сепак сè уште остануваат онаа неизвесност и онаа вечна темнина што се простираат околу човековата душа, останува смртта скриена во неизвесноста на темнината, и во таа темнина се крие стравот: против неизвесноста на мракот, против осаменичкиот немир што ја следи

човековата душа уште од часот кога тој првпат ќе ги отвори очите сè до часот кога засекогаш ќе ги затвори, против стравот не може да се води никаква одбранбена војна, ниту пак тој може да се придуши – само човековата душа ја презема задачата да се обезбеди, да се заштити од него.

Сè што се нарекува вредност и што заслужува да се нарече така тежнее кон укинување и кон совладување на смртта. Смртта е суштинска невредност, невредност по себе, која се спротивставува на вредноста на животот дури и кога може да биде совладана единствено со неа самата, кога самата смрт е тоа што ја укинува смртта и кога и таа самата се преобразува во животна вредност, во крајната смисла на искупувањето од смртта при која овие две бесконечности се спојуваат во круг. И со оглед на тоа што вечноста на смртта е портата, оној единствен влез низ кој во реалниот живот продира апсолутот во сета своја магична значајност, повлекувајќи ја со себе и магичноста на зборовите за бесконечноста, за вечноста и за вселената, зборови кои сами по себе не би издржале ниедна логичка проверка, и со оглед на тоа што смртта во својата незамислива оддалеченост од животот сепак е толку дофатливо блиска до животот што човековата душа постојано е исполнета со нејзиното физичко битие и со нејзиното метафизичко постоење, со нејзиниот апсолут кој е токму и единствениот апсолут на реалноста и на природата, мора да ѝ се спротивстави друг апсолут кој, роден од човековата волја, би бил способен да создаде апсолут на душата и апсолут на културата; а оваа мошне чудна способност на душата, која е можеби најчудната појава на човековото постоење, својот облик на изразување го наоѓа во оној чин што постојано се обновува и што затоа треба да се нарече чин на хуманитетот воопшто, во чин што токму преку својот хуманитет се издигнал до воспоставување и до создавање вредност.

### *Спознајно-теориска забелешка*

Вредноста е заснована врз емпирискиот живот. Не врз реалниот емпириски живот на некој конкретен господин Шмит или Милер, туку, секако, врз една категорија што може да се означи како „платоновска идеја за емпирискиот живот“.

Во категоријата чиста свест, во чии рамки обично се одвива филозофското мислење, нема никаква вредност, а нема ни некој локализиран поим на вистината или некое мислење што е конститутивно за вистината зашто чистата свест е безвремена како Бог и нема потреба од никаков „развој“ ниту од невистина кон вистина, ниту од зло кон добро, а најмалку од вредност кон невредност. Во антиномиите на секоја теологија припаѓа и тоа дека на Бог му е потребен светот за да се развие.

Но апсолутната осаменост, таа антиномија на Бог и на чистата свест, наоѓа место и во „платоновска идеја за емпирискиот живот“: тоа е факт што душата го доживува постојано и полна со страв, тоа е онаа непремостлива осаменост на човекот што умира сам. Сè што се појавува како вредност за едно Јас, посредно или непосредно, се темели врз таа осаменост, толку блиска и толку далечна од смртта како што е и смртта од животот, па така и апсолутот на животната вредност, кој е спротивставен на апсолутот на смртта, зависи од таа осаменост на истиот начин на кој и таа самата учествува во сите етаблирања на вредностите, појавувајќи се во нив и подарувајќи му го на секое создадено дело оној своевиден карактер на автономност со кој се одликува самото Јас.

Осаменоста е логична заедница на човекот и Бог. Но ако човекот се разликува од Бог – а се разликува – ако емпириската свест по идејата се разликува од свеста по себе, тогаш овде мора да се активира токму идејата за развојот, идејата за времето, а со неа и идејата за релативноста. Поимот вистина останува празен поим сè додека покрај него не застане поимот невистина, освен тоа, тој би останал празен кога не би постоеле различни нијан-

си на вистина. И етичкиот карактер на стварноста, нејзиниот поттикнувачки и обврзувачки карактер, исто така би останал празен кога не би постоела извесна (во подрачјето на чистата свест незамислива) категорија која има сила да се постави над категоријата на вистината и да ја направи тоа што таа, всушност, е во реално-емпирискиот живот: само една „вредност“ меѓу другите животни вредности.

Со други зборови: доколку во сферата на чистата свест воопшто може да се зборува за вистина, тогаш тука се јавува примат на мислењето над животот, примат на *cogito* над *sum*, примат на категоријата вистина над категоријата вредност. Но, на подрачјето на емпирискиот живот, овој однос е обратен, тука примат добива животот, животот со сето свое богатство на чувствата и со сета своја ирационалност, тука вистината е само една од вредностите, додека самата категорија вредност стои над сè. И, иако тоа емпириско Јас може да допре само до релативни вистини, тоа во својата автономност и осаменост секогаш е во состојба на извесна субјективна апсолутност: тоа не може да се заблудува себеси, па затоа во секој момент на своето постоење се наоѓа, ако може да се каже така, во „состојба на максимална вистинитост“, но тоа, исто така, во секој момент се наоѓа и во „состојба на максимална вредност“ – и без оглед како и да постапува, во својата изолираност, тоа од момент во момент создава субјективно поволна вредносна ситуација, и дури дополнително (и токму оттука во атрибутивната дефиниција на емпириското може да се воведе поимот на времето) таа мината состојба за него станува разбирлива како невистина, како невредност, па ја отфрла како заблуда.

### *Двојниот етичко-естетски поглед на вредноста*

Овде, на подрачјето на емпириското, вистината се вклучува во една поопшта и надредена категорија, во категоријата вредност. Таа станува само една од многубројните вредности, кои

постојат покрај неа со еднакво право на живот. Се разбира, и чинот што е конститутивен за вистината, чинот на мислите, или накратко мислењето, ја губи својата единствена и привилегирана позиција и се деградира до обично дејствување кое од другите чинови што конституираат вредности се разликува само по тоа што овде, наместо некоја друга вредност, како резултат се јавува вистината: мислењето станува специјален случај на дејствувањето воопшто, бидејќи во автономноста на Јас, тоа дава само чинови насочени кон вредност, само чинови на дејство кои конституираат вредност.

Но секое дејствување претставува давање облик, не постои дејствување, ни емпириско ни идеално, кое нема цел да го обликува или да го преобликува она што постои, она што е зададено. Секоја човекова дејност е, всушност, обликување, и светот што човекот го создава на тој начин, за да биде свет и за да ја укине смртта, постојано се раѓа од апериoнот на Анаксимандар, од „прапочетокот“ на безличното, од ирационалното воопшто, во чија неодреденост животот и смртта, битието и небитието сѐ уште се безоблично соединети. Патот на создавање вредност постојано води од неоформеното кон оформеното или, во најмала рака, кон подобро оформеното, додека неоформеното или помалку оформеното секогаш остануваат ирационални. А ирационалното, без оглед како и каде се манифестира, останува во својата мрачност, не може да се разликува од темнината на смртта и истовремено останува обременето со смрт, а неговото обликување и осветлување претставува укинување на смртта, претставува дел од иднината расветлен и оттргнат од смртта, претставува настанување и станува нешто што се запознава, станува рационално и станува видлив свет во чија обликувана и сфатлива рационалност се конституира вредноста.

Никаде тоа не е толку јасно видливо како кај феноменот на времето, но не кај физичкото време, туку кај она време кое во човековиот живот ја претставува основата на емпириското воопшто, бидејќи протекува низ сите моменти од човековиот

живот, води во иднината и завршува во смртта. Во времето и во неговото протекување е вкоренета релативноста на сите вредности како вечна опомена дека човековото конституирање на вредности никогаш не може да излезе надвор од границите на својата релативност за да досегне до божествениот апсолут. Затоа секое обликување има цел да воспостави вредносен поредок во една вредносна синхронија, да создаде систем на вредности во кој вредностите веќе не следат една по друга поединечно, туку, потпирајќи се меѓусебно, постојат во една симултана заедница. Тоа е секогаш преобразба на временскиот редослед во една творба која, во некоја поширока смисла, мора да се нарече просторна и која дури и во своите крајни остатоци во себе содржи одблесок од онаков систем на вредности каков што претставува музиката: музиката, сама по себе, е преобразба на времето во еден симултан систем што се чувствува како просторен.

Значи, ако поимот облик е сфатен доволно широко, тогаш секоја човечка дејност има цел да формира некој објект и резултат на секоја човечка дејност е обликуван објект што мирува во просторот. И тоа сигурно не е само обична терминолошка конвенција, туку произлегува од општата смисленост кога „чинот на обликувањето" се сфаќа како предмет на етичко вреднување, а „обликуваниот резултат" како предмет на естетско вреднување. И затоа што секоја човекова дејност, заедно со својот резултат, претставува вредност, следува дека во рамките на одредено вредносно подрачје, етичкото и естетското вреднување се јавуваат строго координирано: во рамките на едно зададено или прифатено вредносно подрачје, секоја дејност која е етички оценета како позитивна, односно како „добра", остварува позитивен естетски резултат; исто така, сѐ што е обликувано и се вреднува како естетски позитивно, односно како „убаво", укажува на тоа дека му претходело етички позитивен творечки чин. Истата пропорционалност важи и во смисла на негативното.

Оваа стара координација на „доброто“ и „убавото“ станува значајна дури со општиот поим на вредноста кој во себе ги вклучува обете категории (под претпоставка за едно одредено вредносно подрачје); од друга страна, поимот вредност како таков може на логички задоволителен начин да се конституира дури во овој двоен аспект, дури во оваа динамично-статична удвоеност – на етичко создавање вредности и на естетски вреден резултат.

Тоа значи: во рамките на емпирискиот свет, а со тоа и во границите на историјата, зашто емпирискиот свет постои во времето и секогаш е историја, естетското е конкретизација на етичкото. И ако може да се потсетиме на исклучителната улога што поимот вредност ја игра не само во сите филозофско-историски разгледувања туку и во самата историја, тогаш исто така – зашто историјата на светот е светски суд – врз основа на естетските траги и остатоци може да се заклучува и за етички дела кои остануваат сочувани за вечноста само во естетското.

### *Автономијата и апсолутноста на вредноста*

Апсолутноста која се бара од секоја вредност и од секој вредносен систем е проекција на автономното Јас. Во секоја вредност, во секој вредносен систем се проектира еден вредносен субјект, се проектира, прикриено или отворено, еден „бог“, и тоа е бог што создава вредност.

Но тој божествен апсолут на системот може да се постигне само тогаш кога сите појави на овој свет ќе се подредат на една вредносна волја што обликува, кога сите вредности, всушност, ќе влезат во еден симултан систем, значи тогаш кога сите тие во својата севкупност ќе претставуваат естетска вредност во најширока смисла, односно тогаш кога ирационалноста на животот во сета своја длабочина и широчина ќе биде преведена во рационално сознание, во рационален облик.

Овој панрационализам кон кој се стреми апсолутот на сеопфатниот систем речиси ја математизира сликата на тој апсолут зашто бесконечноста и целокупноста на светот, кои овде се претставуваат како вредности, доаѓаат под власт на број: бесконечноста на бројот е „сè“, а овде станува збор токму за „сите“ вредности кои мора да се интегрираат во сеопфатен систем, зашто хиерархијата најпрво мора да се протегне врз „сите“ вредности на светот за да може, преку таа целосна сувереност, да се дојде до апсолутот. Тоа е апсолутот на големите религиски системи на светот, органон на вредноста каков што за Западот се засновал во христијанско-платонистичкиот светоглед во средниот век, „единствениот што се чини блажен“ во својот тоталитет и кој во времето на својата најголема делотворност најмногу се приближил до апсолутно ослободување од смртта.

Но секој вредносен систем, без оглед колку и да е моќен, во точката во која најмногу се доближува до апсолутното мора да започне со самообновување. Зашто апсолутното останува вечно недостижно, па секој чекор што води до него мора, така да се каже, да се дополни со уште еден чекор што води уште поблиску. Во ова се состои признанието на секој платонистички систем дека сепак не ги опфаќа „сите“ вредности и содржини на светот, и токму тоа е корекцијата што води назад кон позитивното и кон позитивистичкото искуство и на која мора да се одлучи секој платонизам – дури и по цена на сопственото самоукинување – доколку сака да допре до неопходната самообнова.

На Запад, тоа дијалектичко саморазорување се појавило со протестантската поделба на Црквата и тој процес на раслојување на целокупниот вредносен систем на сè поситни системи, од кои секој поединечно станал автономен и полагал право на единствена важност и на апсолутност, завршува во страшна вредносна анархија и заемно неразбирање, во кои борбата на поединечните вредносни системи се води до крв и до смрт и со кои платоновата идеја, се чини, целосно згаснува, за да му отстапи место на недуховното како такво.